Завршена 6 сесија од обуката за родители и адолесценти на возраст од 11-14 години, во рамки на проектот “Родителство за цело животно здравје- FLOURISH”

Во периодот од 24.11. 2024 до 26.12.2024 година во нашето училиште се одржа 6 сесија од обуката за родители и адолесценти на возраст од 11-14 години, во рамки на проектот “Родителство за цело животно здравје- FLOURISH”, во соработка со Експертскиот Центар за родителство “Алтернатива”, во договор со општина Карпош. Обуката ја држеа психологот од училиштето Светлана Јовевска, и психолог од друго основно училиште, Гордана Несторовска, во улога на фасилитатори за обуката.

На обуката присуствуваа 10 родители заедно со своите адолесценти (10), каде практично се стекнаа со вештини за позитивно родителство.

Обработивме тематики кои се важни за изградба на позитивен однос со своето дете како основа за справување со понатамошни предизвици низ адолесцентниот период. Програмата беше фокусирана на односите родител-адолесцент, решавање проблеми и управување со емоции за да се намалат ризиците од несоодветно однесување.

Посакуваме и понатаму да ја градат и зацврстуваат нивната врска како родител-дете која е особено значајна за адолесцентите да се стекнат со одговорност и нивна емоционална добросостојба и ментално здравје.

